Во законски предвидениот рок не е добиен одговор по поднесеното барање за податоци и информации преку системот е-Урбанизам (постапка бр. **67153** од 13.12.2024) од: Агенција за цивилно воздухопловство, Министерство за внатрешни работи и Министерство за одбрана.

# ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
# – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

# 2. ПЛАНСКИ ДЕЛ

## 2.1 Проектна програма

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-4734/1
27. 11. 2024 год.
ВЕЛЕС

**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗРАБОТКА НАУРБАНИТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ,ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКО – ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД М.В. ПОТОКОТ ДО МАНАСТИР СВ.ИЛИЈА, ВО КО ВЕЛЕС И КО КАРАСЛАРИ, ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**ВОВЕД**

Согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), урбанистички проект (УП) може да се изработува и за поединечни градби и инфрастаруктури од државно и локално значење вон населени места за простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап.

Во таков случај УП се изработува врз основа на добриени услови за планирање на просторот.

Изработката на дел од предметниот УП е во согласност со член 59 став 6 точка 12 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), како и член 58 став 3 точка 15 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), мали, поединечни градби од државно значење што ги задоволуваат условите за поединечни градби, односно групи на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план.

Цел на програмата

Една од приоритетните цели на Општина Велес е надминување на недостигот на модерна и современа инфраструктура за спортско – рекреативни активности. Во таа насока, овој проект предвидува изградба на нова современа велосипедско – пешачка патека која ќе придонесе кон зголемена посетеност на природните богаства и знаменитостите во околината на градот Велес.

Изработка на урбанистички проект како и основен проект за велосипедско – пешачка патека е со цел развој на велосипедизмот, како спортскиот така и рекреативниот како и пешачењето, а со тоа и развој на туризмот. Трасата на патеката е вон населено место, односно надвор од границите на ГУП на град Велес.
Трсата е со приближна должина од 7 км и променлива ширина од 1,2 до 3,5 м и води од потокот, кој е на крајот од градот до манастирот Св. Илија. Теренот е кос, односно со благо качување и спуштање, со исклучок на делот пред манастирот Св. Илија кој е по стрмен. Пределот по кој е предвидена велосипедската патека е доста живописен, непосредно во дел од должината на патеката постои поток, ниско и високо зеленило. Дел од патеката минува низ терен кој е рамен и се гледа широко поле. Овој дел може да се збогати со поставување на летниковци и друга урбана опрема за спорт и рекреација.

Пред манастирот се минува и низ борова шума, а после неа во делот кој е доста стрмен се простира широк поглед кон долината на Река Вардар и полиња со лозови насади.

При уредувањето на овој простор може да се предви партерно уредување со спортски и рекреативни места за одмор се со цел да се збогати просторот и истиот стане по атрактивен, а со тоа да допринесе до поголема посетност. Новите содржини и форми кои би се однесувале на различните домени на интерес ќе допринесат исто така и за развој на туризмот.

Долж патеката постојат природни чешми за вода, меѓу кои и Саботната Вода, која вода е карактеристична по својот вкус и мирис. Потребно овие локации да се

1

маркираат и да се посвети посебно внимание околу планирање на просторот каде што се наоѓаат, со поставување на простор за одмор, односно поставување на урбана опрема, (летниковци, клупи, држачи за велосипеди, патокази и сл.). Урбаната опрема на местата кеде што ке се постави, да го следи терен, односно да не се прават големи градежни зафати од типот на ископи, рушење на карпи, насипи кои би барале изведба на потпорни ѕидови и слично. Материјалот кој ќе се предвиди за урбаната опрема да биде од материјал кој ќе биде издржлив на временските промени и лесен за одржување и по можност земен од самото место или блиската околина (дрвени трупци, камени плочи). На делови од патеката каде што истата е со помала ширина и во делот каде што е се јавува провалија задолжително да се постави заштитна ограда, која исто така ќе биде од природни материјали.

















4







5







6







7







8









9

## ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанитички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес** се наоѓа источно од градот Велес.

Според добиениот *Извод од ГУП на Велес*, урбанистичкиот проект се планира пристапот да се обезбеди од постојната сообраќајница– улица „Вера Циривири“.

Согласно фактичката состојба, проектниот опфат е неизградено земјиште – постоен земјен пат.

Прелиминарниот проектен опфат започнува со катастарски парцели кои се наоѓаат во КО Велес, потоа продолжува и зафаќа катастарски парцели во КО Караслари и на крај повторно поминува и завршува во КО Велес.

Прелиминарната граница на проектиот опфат е означена на графички прилог на ажурирана геодетска подлога.

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во просторот во рамки на проектниот опфат на **Урбанитички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес,** треба да се планира трасата за изградба на велосипетско-пешачка патека со сите нејзини пратечки елементи.

При изборот на оптимална траса на велосипедско – пешачката патека, Проектантот треба да се прилагоди на постојниот некатегоризиран земјен пат кој започнува од водотекот во близина на место викано Потокот до манастирот Св. Илија.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање*(„Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), се планира следната поединечна намена:

**Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури**

Во **Планскиот дел** од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри и партерно решение.

**Проектниот дел** на урбанистичкиот проект да содржи идеен проект за велосипедско – пешачка патека од градежната струка (во кој ќе биде обработен делот за патишта и сообраќај).

Велосипедско – пешачката патека, ситуационо да го прати постојниот земјан пат. Хоризонталните кривини да се прилагодат на постојниот земјен пат.

Ширината на велосипедско–пешачката патека да изнесува, да се подели во два дела. Првиот дел (на делот каде постојниот пат е тесен) со ширина од 1,5м, од почетокот на патеката одреден со границата на ГУП на Град Велес, покрај Дервенскиот Поток, под мостот од автопатот, до подземниот премин од автопатот А1 (делница Велес-Каласлари). Вториот дел од трасата на велосипедско–пешачката патека, од автопатот А1 до Манастирот Св. Илија, да се прилагоди на ширината на постојниот земјен пат (од 1,5м до 3,5м).

Нивелационото решение на велосипедско–пешачката патека да се прилагоди на постојниот терен и постојниот земјен пат.

Коловозната конструкција да се предвиди со асфалт каде е со ширина 1,5м., која е најголемиот дел од трасата, како и останатиот дел кој е со поголема ширина да биде исто така асфалтиран. На делот од велосипедско–пешачката патека каде е со поголема ширина од 1,5м да се обележи сообраќајно со хоризонтални ознаки на коловозот.

Треба да се предвиди и соодветно партерно уредување и урбана опрема како и да се разработат сите архитектонски елементи на партерот и надземните делови од инфраструктурата, градежните и сообраќајните елементи велосипедско -пешачката патека и друго.

**ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

Да се разработат градежно – техничките елементи на целата планирана инфраструктура. Посебно внимание да се обрати на одводнувањето на атмосферските води, со поставување на каналници, од двете или едната страна на патеката во зависност од ситуацијата на теренот, како и попречни одводи кои ќе бидат под планираната велосипедска патека.

Изготвил: Марија Рунтева
Контролирал: Роза Здравева
Одобрил: Петре Цилаков

Градоначалник,
На Општина Велес
Марко Колев

11

## 2.2 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура

Податоците за постојниот изграден градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и комуналната инфраструктура се детално дадени во точките 1.5 и 1.7 од документационата основа на урбанистичкиот проект.

## 2.3 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес,** е во согласност со член 59 став 6 точка 12 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) како и член 58 став 3 точка 15 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), мали, поединечни градби од државно значење што ги задоволуваат условите за поединечни градби, односно групи на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план.

Една од приоритетните цели на Општина Велес е надминување на недостигот на модерна и современа инфраструктура за спортско – рекреативни активности. Во таа насока, овој проект предвидува изградба на нова современа велосипедско – пешачка патека која ќе придонесе кон зголемена посетеност на природните богатства и знаменитостите во околината на градот Велес.

### Намена на земјиштето и градбата

Со овој урбанистички проект се планира коридор за следната поединечна намена:

**Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури**

### НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во рамки на планираниот коридор на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес** се разработува коридор за изградба на велосипедско – пешачка патека. Трасата е со должина од 7,25км и променлива ширина од 1,5 до 3,0 м.

*Табела 3 - Нумерички показатели за должина на инфраструктурата*

| ДОЛЖИНА НА ПЛАНИРАНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ: | | должина (м) |
|---|---|---|
| УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ | Велосипедско-пешачка патека | 7246,10 |
| ВКУПНО | | 7246,10 |

## БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

*Табела 4 – Билансни показатели на проектниот опфат на УП - намена*

| БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ - НАМЕНА: | | површина (м2) | процентуална застапеност (%) |
|---|---|---|---|
| УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ | Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури | 31363,08 | 100% |
| ВКУПНО | | 31363,08 | 100% |

*Табела 5 – Билансни показатели од планирана состојба*

| БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ: | | површини м2 | процентуална застапеност (%) |
|---|---|---|---|
| УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ | Сообраќајна површина | 14127,06 | 45% |
| | Зеленило, земјоделски површини, градежно неизградено земјиште… | 17236,02 | 55% |
| ВКУПНО | | 31363,08 | 100% |

## ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Согласно бараните и поставените услови од проектната задача, како и согласно теренските можности поставен е планумот на трасата на велосипедско-пешачката патека кој ќе се простира на потегот од м.в. Поток до манастирот Св. Илија и истата ќе се протега на територија на КО Велес и КО Караслари во Општина Велес.

Пристапот е обезбеден од постојната сообраќајница – улица „Вера Цririвири“.

Трасата на велосипедско-пешачката патека е прилагодена на постојните земјени патишта. Патеката е планирана со две ширини на коловозот, и тоа: од почетокот на трасата до потпатникот на автопатот планирана е со ширина од 1.5м. (ДЕЛ 1), а потоа се до крајот е со ширина од 3.0м (ДЕЛ 2). Во рамки на проектниот опфат влегуваат и банкини со ширина од 0.5м од двете страни на патеката, што дополнително ќе овозможат полесно функционирање на истата особено во делот каде што е со помали ширини бидејќи истата ќе може да се користи при разминување на корисниците во различни правци на движење.

Со самата проектна документација ќе бидат утврдени позициите на паркинг местата за велосипеди по должина на патеката.

По должина на трасата ќе бидат предвидени и елементи од урбана опрема кои што со својот габарит нема да навлегуваат во профилот на велосипедско – пешачката патека.

Од сообраќаен аспект патеката ќе биде соодветно обележана со сообраќајна сигнализација и опрема. Сообраќајната сигнализација и опрема ќе бидат проектирани согласно потребите на трасата со цел да се овозможи безбедно одвивање на велосипедскиот и пешачкиот сообраќај. Учесниците во сообраќајот преку проеткираната вертикална и хоризонтална сигнализацијата ќе бидат навремено информирани за содржините по должина на патеката како и за условите на одвивање на движењето по должина на самата патека.

Со изработка на урбанистичкиот проект, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на патеката, истото е усогласено со нивелетата на конфигурацијата на теренот. Подолжните наклони кои се прикажани во урбанистичкиот дел на овој урбанистички проект се движат од 0,22 % до 9,66%, а истите ќе бидат детално проектирани и прикажани во идејниот и основниот проект.

Нивелетата на новопланираната велосипедско-пешачка патека е со попречен наклон на коловозот од 2.5% и е со пад според условите на теренот со цел да се овозможи природно одводнување на коловозот.

Согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), за намена Е – инфраструктури, а имајќи ја во предвид конкретната намена (велосипедско-пешачка патека), во овој урбанистички проект не се потребни и не се планирани паркинг места за моторни возила.

Согласно став 4 од претходно наведениот член, за групата на класи на намена Е - ИНФРАСТРУКТУРА „потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите“.

## ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

Партерното решение се состои од: сообраќајна површина во рамки на проктниот опфат и зони со проширувања за поставување на урбана опрема.

Со оглед на видот на градбата (сообраќајна патна инфраструктура) која поминува низ природен предел, со урбанистичкиот проект не се формира градежна парцела и заради тоа не се предвидува дополнително зеленило и висока вегетација, освен постојните.

- **ЗОНА за урбана опрема 1** - планирана во делот помеѓу стационажите 1+180,00 и 1+200,00. Во ова проширување е опфатена постојната чешма со дел за седење.
- **ЗОНА за урбана опрема 2** - планирана во делот помеѓу стационажите 1+460,00 и 1+500,00. Проширувањето се планира заради пристап и одмарање во непосредна близина на постојната чешма Саботна вода.
- **ЗОНА за урбана опрема 3** - планирана во делот помеѓу стационажите 2+820,00 и 1+880,00. Ова проширување го опфаќа постојниот остров со зеленило кој се наоѓа помеѓу новопланираната патека и постојните земјени патишта.

- **ЗОНА за урбана опрема 4** - планирана во делот помеѓу стационажите 6+280,00 и 6+300,00. Проширувањето е во делот на постојното проширување покрај боровата шума, со цел да се овозможи одмор пред крајот на велосипедско-пешачката патека кој поминува низ пострмен дел.
- **ЗОНА за урбана опрема 5** - планирана во делот помеѓу стационажите 6+980,00 и 7+000,00. Со ова проширување се опфатени природниот карпест терен покрај трасата на патеката, од каде има панорамски поглед на околниот терен. Во овој се планира максимално зачувување на природните елементи кои би се користеле за седење и одмор.

Деталното уредување на зоните за поставување на урбана опрема ќе биде направено во фазата на реализација на овој урбанистички проект, со изработка на основен проект.

## ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

### Водоводна и канализациона инфраструктура

Врз основа на добиениот одговор од страна на **ЈКП Дервен**, на предвидената траса, нема нивни постојни инсталации.

Со оглед на намената на градбата, не се планира водоводна и канализациона мрежа.

Атмосферските води ќе се одведат по слободен пад во околните зелени површини т.е. со подолжни и попречни наклони на коловозот.

На делот од трасата од км.2+810 до км.2+870, на левата страна од коловозот е предвидена бетонска канелета со ширина од 30см, која ќе ја собира атмосферската вода и ќе ја испушта на страна на км.2+810. Исто така, на делот од трасата од км.5+169.70 до км.5+230.50 на левата страна од коловозот предвидена е бетонска канелета со ширина од 30см, која ќе ја собира атмосфреската вода и ќе ја испушта на страна на км.5+230.50, каде што има постоен пропуст.

### Електро-енергетска инфраструктура

Согласно добиените податоци од **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје** има доставено податоци и информации и графички прилог со нанесени постојни 10(20)kV подземени и надземни водови, 10(20)/0.4kV трафостаница и 0.4kV надземни водови кои минуваат низ делови од проектниот опфат и неговата околина.

Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Во графичките прилози се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се направи проценка од страна на претставници на најблискиот Корисничко Енерго Центар, дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Со изработениот Елаборат за ажурирана геодетска подлога е потврдено дека доставената надземна мрежа од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје има отстапувања во точноста на координатите на електроенергетските објекти во однос на фактичката состојба. Во графичкиот прилог на урбанистичкиот проект се нанесени точните траси на надземните водови, во деловите кои се опфатени со ажурираната геодетска подлога.

**Со проектното решение не се планира дислокација на постојните водови.**

Според податоци добиени од **МЕПСО** проектниот опфат се пресекува со ЕЕ објект во нивна сопственост, и тоа *110kV* далекувод.

Потребно е да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. весник на РМ бр.96/2018), како и член 224 од Мрежноте правила за пренос на електрична енергија (Сл. весник на РСМ бр.4/2022).

Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на товар и сметка на инвеститорот.

Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.

Со изработениот Елаборат за ажурирана геодетска подлога е потврдено дека има отстапувања во точноста на координатите на далекуводот во однос на фактичката состојба (во делот кој е опфатен со ажурираната геодетска подлога). Во графичкиот прилог на урбанистичкиот проект е нанесена точната траса на далекуводот.

**Со проектното решение не се планира дислокација на постојниот далекувод.**

**Телекомуникациска мрежа**

Според податоците добиени од **АЕК** и **Македонски Телеком АД – Скопје**, во границите на проектниот опфат има електронски комуникациски мрежи т.е. постојна МКТ инфраструктура, оптички и бакарен кабел, аплицирани на графички прилог.

Исто така, податоци за постојни подземни инсталации се добиени и од **А1 Македонија ДОЕЛ Скопје**, со напомена дека доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура – А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната ТК инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

**Со проектното решение не се планира дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура.**

## 2.4 Детални услови за проектирање и градење

### ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Со овој урбанистички проект се планира коридор за следната поединечна намена:

**Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (велосипетско-пешачка патека)**

Трасата на велосипедко-пешачката патека е прилагодена на постојните земјени патишта.

Имајќи во предвид дека се работи за градба од јавен интерес која е наменета исклучиво за велосипедски и пешачки сообраќај (поврзување на градот Велес и манастирот Св.Илија за рекреативни цели), како и барањето на Општина Велес при нејзиното планирање да се следат трасите на постојните земјени патишта, дел од новопланираната патека поминува низ заштитниот појас на автопатот. Поточно, трасата на новопланираната велосипетско-пешачка патека во јужниот дел на проектниот опфат (пред и после потпатникот), во мал дел поминува покрај надворешната страна на оградата на автопатот и е надвор од неговиот патен појас.

Патеката е планирана со две ширини на коловозот, и тоа: од почетокот на трасата до потпатникот на автопатот планирана е со ширина од 1.5м. (ДЕЛ 1), а потоа се до крајот е со ширина од 3.0м (ДЕЛ 2). Во рамки на проектниот опфат влегуваат и банкини со ширина од 0.5м од двете страни на патеката.

## КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ:




Планираната должина на патеката во проектниот опфат е дадена во следната табела:

*Табела 6 – Нумерички показатели за должина на инфраструктурата*

| ДОЛЖИНА НА ПЛАНИРАНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ: | | должина (м) |
|---|---|---|
| **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ** | Велосипедско-пешачка патека | 7246,10 |
| **ВКУПНО** | | 7246,10 |

- Потребниот број паркинг места за велосипеди ќе биде утврден со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и условите.

- Одобрение за градење ќе се издава врз основа на одобрена проектна документација – основен проект, согласно *Законот за градење* (“Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 129/15,217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.244/19,18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24 и 3/25) и другата подзаконска регулатива произлезена од него.

- Во фазата на реализација на овој урбанистички проект, со оглед на тоа што дел од опфатот се наоѓа во крајбрежниот појас на нерегулиран водотек, пред изградба на објектите, согласно член 47 од Законот за градење („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.244/19,18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24 и 3/25), потребно е да се обезбеди **Водостопанска согласност**, во постапка пропишана во Законот за водите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11,44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 151/21 и 3/25).

- При изведбата е потребно да се почитува важечката законска и подзаконска регулатива за овој тип на градби, како и пропишаните услови од субјектите во чија надлежност е постојната инфраструктура со која се пресекува проектниот опфат, а кои се детално дадени во точка **2.5.5 Други мерки**.

- Доколку при реализација на овој урбанистички проект се појави потреба од одредени измени на идејниот проект или е потребно усогласување на идејниот проект со Законот за градење, ќе се изработи нов идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој урбанистички проект и законската регулатива од областа на градењето.

## 2.5 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

### 2.5.1 Мерки за заштита на животната средина

**Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:**

Закон за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл.весник на РСМ“ 89/22, 171/22 и 3/25);

Закон за заштита на природата („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Сл.весник на РСМ“ 151/21 и 3/25);

Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04 , 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 146/15 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25);

Закон за води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл.весник на РСМ“ 151/21 и 3/25);

Уредбата за класификација на водите („Сл. весник на Р.Македонија“ бр. 18/99);

Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 18/99 и 71/99);

Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 31/16);

Закон за управување со отпадот („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 216/21 и 3/25);

Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Сл.весник на РСМ“ бр.3/25);

Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ 215/21);

Закон за земјоделско земјиште („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Сл.весник на РСМ“161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24);

Закон за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25);

Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25);

Закон за градење („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 130.09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 3/25 и 17/25);

Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање („Сл.весник на Р.Македонија“, бр. 60/12, 29/15, 32/16, 114/16 и „Сл.весник на Р.С.Македонија 211/20 и 183/23) и други законски и подзаконски акти.

Право и должност е на Република Македонија, Општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/0948/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија “ 89/22 и 171/22).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина

заштита на животот и на здравјето на луѓето;

заштита на биолошката разновидност;

рационално и одржливо користење на природните богатста и

спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки и активности** (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активнот во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

- **Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина**

Согласно Законот за животна средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија “ 89/22, 171/22 и 3/25) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утрдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“бр. 74/05), за проектите кои се наведени во Прилогот II од Уредбата, при изработка на основните проекти треба да се утврди потреба за спроведување на постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од Уредбата, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Во фазата на спроведување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес,** доколку не се спроведува оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, да се почитуваат Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на Р.Македонија“) бр.32/12 и Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина, „Сл.весник на Р.Македонија„ бр.36/12).

- **Мерки за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух**

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04 , 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 146/15 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.151/21 и 3/25).

**Амбиентен воздух** е надворешен воздух во тропосферата во кој не е опфатен воздухот на работното место, а неговиот **квалитет** е состојба на амбиентниот воздух, прикажан преку степенот на загаденост.

Извори на загаденост на амбиентниот воздух согласно овој закон се:

1. инсталации кои се користат во технолошки процеси и енергетски градби (стационарни извори);
2. мотори со внатрешно согорување вградени во возила (подвижни извори);
3. горива.

Управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух се врши преку:

- оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и

- донесување и спроведување на проектен документи.

Заради реализирање на квалитетот на амбиентниот воздух согласно овој закон, како и за нивно планирање и реализирање, се изработуваат:

1. Национален план за заштита на амбиентниот воздух (План) и
2. Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентнот воздух (Програма).

Планот го донесува Владата на Република Македонија, а Програмата, на предлог на градоначалникот, ја донесува Советот на општината.

Мониторингот на состојбите и промените на квалитетот на амбиентниот воздух, се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кој се јавуваат по постојниот локален пат од предметниот проектен опфа. Моторниот пристап до постојните и планираните градби во внатрешноста на паркот, како и заштитните мерки - противпожар се решаваат режимски.

Од горенаведеното може да се заклучи дека загадувањето од издувните гасови од возилата нема да има битно влијание на третираниот простор.

**Мониторинг на емисии од стационарни извори**

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

**Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори**

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

- **Мерки за заштита на води**

Согласно важечката законска регулатива, задолжително е испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присустни во реципиентот, дадени во Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. весник на Р.Македонија“ бр.18/99) и Уредбата за класификација на водите („Сл. весник на Р.Македонија“ бр. 18/99).

Во предметната документација **не се планира испуштање на отпадни води** во реципиент.

Од **Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за води** е добиено известување дека дел од планскиот опфат за изградба на велосипедско - пешачка патека се води покрај водотекот Дервенски Поток.

Заради тоа, а во согласност со Законот за водите (Сл.весник на Р.Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Сл. весник на Р.С. Македонија бр.151/21 и 3/25) за да не дојде до нарушување на режимот на водите и заради заштита и спречување од оштетување на водостопанските објекти и постројки, потребно е да се запазат следните критериуми од аспект на заштита на водите:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта вон населени места, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци; во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат советот на општините и советот на градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на градот Скопје, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува:

- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите, и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите;
- да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение;
- изградба на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад.
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот;
- да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува:

- да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбрамбените насипи;
- да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешната и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;

- во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
- да се испуштаат отпадни води во објектите од хидросистемите и системите за наводнување и системите за одводнување;
- да се изведуваат работи кои би можеле да ги променат условите за мерење на водата на хидрометриски профили кај хидролошките станици;
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- да се вади песок, чакал, камен и друго од заштитните водостопански објекти и постројки, ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување и
- да се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопански објекти и постројки.

- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно - техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

Во однос на водотекот со кој граничи планскиот опфат, потребно е да биде разработен во текстуалниот дел на проектната документација и да се исцрта во графичкиот прилог со крајбрежен појас од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулирани водотеци, дефинирани врз основа на хидролошки податоци и хидраулички анализи.

**Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите**.

За потребите на предметниот проектен опфат, изработен е **ЕЛАБОРАТ ЗА ХИДРОЛОШКО-ХИДРАУЛИЧКА АНАЛИЗА ЗА РЕГУЛАЦИЈА НА ДЕРВЕНСКИ ПОТОК (тех.бр.25-11/24 од март 2024),** заради дефинирање на линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираниот водотек, која е преземена и прикажана во графичките прилози на овој урбанистички проект.

- **Управување со отпадот**

Со Законот за управување со отпадот („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 216/21 и 3/25) се уредуваат: управувањето со отпадот, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начин и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот и др.

**Целите на овој закон се да се обезбеди:**

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;

- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштита на природните ресурси;

- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина;
- отстранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

**Приоритети при управување со отпадот:**

1. Создавачите на отпад се должни, во најголем мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2. При управување со отпадот, по предходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или

- да се користи како извор на енергија.

Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадуањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Надлежните органи на Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, проектен и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување на отпад на Р.Македонија, се донесува за период шест години. За реализација на Планот за управување со отпадот на Р.Македонија, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период три години, а не подолго од шест години.

**Складирање и собирање на отпадот**

За цврстиот отпад се предвидува поставување на канти за отпадоци во рамки на планиуранита зони за поставување на урбана опрема и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа е се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

- **Мерки за заштита од бучава во животната средина**

Управувањето со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина е предмет на уредување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.151/21).

Цели на овој закон се:

1. создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава;
2. преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата;
3. преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување;

4. остранување или намалување на штетните ефеки кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и
5. обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура и др.

**Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина**

Правните и физичките лица се должни да и преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,
- да изведуваат градежни работи, како и да превземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзиното доведување во рамките на граничнит вредности на ниво на бучава;
- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесуваат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;
- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување од бучава на животната средина над граничните вредности на ниво на бучава;
- да се воздржат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето;
- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и
- да превземат други мерки со цел за заштита од бучава.

### 2.5.2 Мерки за заштита и спасување

Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, , 83/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр.215/21), Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Сл.весник на РСМ“ 152/19) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со:

- Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр.215/21),

- Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Сл.весник на РСМ“ 152/19), како и:
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10) и
- Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:
- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за заштита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување, мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и

5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфраструктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.215/21) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.215/21), се предвидуваат следните урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- Асанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот проектен опфат, како во рамките на урбанистичкото

планирање, така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа планска документација.

**Урбанистичко технички мерки кои се предвидуваат во овој урбанистички проект и согласно добиените Претходни услови од ДЗС – ПО Велес, се:**

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи.

Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.215/21). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со:

- Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Сл.весник на РСМ“ 152/19),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување – евакуација на населението („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 101/10),
- Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05),
- Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РСМ“ бр. 231/20),
- Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гасење на пожари („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 26/18), како и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Инсталациите, уредите и постројките да се изведат на начин да не претставуваат опасност за појава на пожари и експлозии.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на проектниот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, проектниот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од **Велес**. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

**Со овој урбанистички проект се планира изградба на сообраќајна инфраструктура – велосипедско-пешачка патека.**

Заштита и спасување од урнатини

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ 215/21) член 81, заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни превземено од опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

За заштита на предметниот плански опфат од урнатини во следните фази на разработка на урбанистичкиот план да се превземат следните мерки и:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00м, на коридорот на улиците;
- при рушење објектот ја зафаќа x/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита на спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ 100/10 год.).

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

**Со овој урбанистички проект се планира изградба на сообраќајна инфраструктура – велосипедско-пешачка патека.**

Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ 215/21) член 67, заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Покрај дел од проектниот опфат тече дел од водотек - Потокот.

Атмосферските води ќе се одведат по слободен пад во околните зелени површини т.е. со подолжни и попречни наклони на коловозот.

Нивелетата на новопланираната велосипеско-пешачка патека е со попречен наклон на коловозот од 2.5% и е со пад според условите на теренот со цел да се овозможи природно одводнување на коловозот.

На делот од трасата од км.2+810 до км.2+870, на левата страна од коловозот е предвидена бетонска канелета со ширина од 30см, која ќе ја собира атмосферската вода и ќе ја испушта на страна на км.2+810. Исто така, на делот од трасата од км.5+169.70 до км.5+230.50 на левата страна од коловозот предвидена е бетонска канелета со ширина од 30см, која ќе ја собира атмосфреската вода и ќе ја испушта на страна на км.5+230.50, каде што има постоен пропуст.

## Евакуација

Евакуацијата се состои од планско, организирано и контролирано преместуање на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршување на нејзините надлежности.

Евакуацијата се планира, организира и спроведува во услови кога на подрачјето за кое се проценува дека може да биде зафатено од природни непогоди и други несреќи, односно подрачје на кое веќе има појава на природни непогоди и други несреќи, со другите мерки за заштита и спасување не може да се обезбеди соодветен степен на заштита на луѓето и материјалните добра.

Определените категории на население што подлежат на евакуација се.
- деца до 7(седум) години возраст;
- бремени жени или мајки со деца до 7(седум) години;
- деца до 14(четиринаесет) години, без родители или чии родители се ангажирани во структурите на зангтитата и спасувањето и во одбраната и инвалиди, стари, болни и изнемоштени лица.

За таа цел треба да се планираат:
- објекти за сместување: индивидуални станбени објекти, домови, училишта, хотели, мотели и други видови објекти;
- правците на движење на евакуираните лица и сообраќајната инфраструктура;
- здравствените установи;
- водоснабдувањето;
- обезбедување на исхраната;
- продолжување на образовната дејност на децата од училишна возраст;
- превозни средства за транспорт на евакуираните;
- мерките за безбедност.

За успешно извршување на евакуацијата потребно е да се ангажираат сите надлежни субјекти од различни области и тоа:
- Министерство за транспорт;
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за здравство;
- Министерство за образование и наука;
- Министерство за труд и социјални работи;
- Министерство за внатрешни работи — Црвениот крст,
- Комуналните служби, транспортните претпријатија и претпријатија за снабдување
- Хуманитарните и невладини организации.

Конкретни податоци за вкупниот број на населението, како и за категориите на граѓани кои подлежат на евакуација ќе бидат утврдени со плановите за заштита и спасување, при што детално ќе бидат обработени сите прашања во однос на планирањето, организирањето и спроведувањето на евакуацијата.

**Со овој урбанистички проект се планира изградба на сообраќајна инфраструктура – велосипедско-пешачка патека.**

## Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на основни проекти, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да биде изготвен Елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Во изработениот **Елаборат за извршени геотехнички испитувања и истражувања за велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија** со тех.бр.23-ГЕО/25 од февруари 2025, не е утврдено постоење на свлечишта, ниту е регистрирана појава на ниво на подземни води.

## Радилошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремно откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на градбите во кои се произведуваат и складираат опасни метерии, сопствениците и корисниците на градбите и уредбите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на градби во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

**Со овој урбанистички проект се планира изградба на сообраќајна инфраструктура – велосипедско-пешачка патека.**

## Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ 215/21) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определенто и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена. Стандардните оперативни процедура за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

### 2.5.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Со изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови и проекти се обезбедува надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционалната пристапност и подвижност до и во градбите и подрачјата во и вон населените места на сите граѓани, особено на лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност.

Условите за непречено движење на лица со инвалидност и намалена подвижност се пропишани во глава 13 од *Правилникот за урбанистичко планирање* (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Во тој контекст, Мерките за пристапност и проодност, како и за надминувањето на урбаните бариери, што се составен дел на овој урбанистички проект се однесуваат на:

1. јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба од групите на класи на намени Д и Е,

Согласно со тоа, се предвидуваат следните мерки за создавање на услови во рамките на планскиот опфат за непречено движење на лица со инвалидиност и намалена подвижност:

- Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови и тоа: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади, плоштатки и сите други видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба, освен ако тоа не е неизбежно поради околностите на теренот, не смеат да имаат денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што може да ја попречи или намали пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба;
- При спроведување на урбанистичките планови задолжително се предвидува превладување и отстранување на сите постојни денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што ја попречуваат или намалуваат пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба на тротоарите, пешачките улици, пешачките патеки, плоштадите, плоштатките и сите други видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба.
- Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови каде што теренот е во наклон треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со најголем подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи до 8,33% или во однос 1:12.

Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички план треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со најголем подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи до 8,33% или во однос 1:12. Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9 м;
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12 м, и
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15 м.

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите од одредената, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50 м, а оптимална должина треба да е 1,80 м.

Најголем попречен наклон на тротоарите и другите пешачи патеки што е нормален на смерот на движењето и оската на патеката изнесува 2%.

### 2.5.4 Мерки за заштита природното и на културното наследство

Според податоци од Условите за планирање на просторот, а согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес**, има регистрирано заштитено природно наследство:

**КАРАСЛАРИ СП** (споменик на природата - заштитен)

Истото е констатирано и во дописот од **Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за природа**, според кој просторот на предметнио опфат со еден дел влегува во границите на заштитеното подрачја Караслари.

Воедно, предметниот проектен опфат со еден дел навлегува во границите на Емералд подрачје – Овче Поле, кој е дел од националната Емералд мрежа, која опфаќа подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI). Овие подрачја се назначуваат со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се воспоставуваат на територијата на земјите членки на Бернската конвенција (Конвенција за зачувување на дивиот свет и природните живеалишта во Европа) која е ратификувана од нашата држава.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, палеолонтолошкиот локалитет се наоѓа околу 3км југоисточно од Велес во близина на с.Караслари. Фосилното наоѓалиште е откриено во 1973 год. при изградба на автопатот Велес – Гевгелија. По богатството на пронајдените фосилни цицачи (коњи, газели, жирафи, свињи, кучиња и др.), овој локалитет се вбројува во едно од најпознатите наоѓалишта кои досега се откриени во светот. Површината на заштитениот простор изнесува 148Ха. Значаен за проучување на пикермиската фауна. Добра состојба.

*Меѓународен статус* според Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (*International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN*): III категорија и *режим на заштита*:1.

Заштитна категорија према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (*International Union for Conservation of Nature andNatural Resources - IUCN*):

**Меѓународен статус: IUCN III - Споменици на природата**

Овие категории обично содржат една или повеќе специфични природни обележја со извонредно национално значење, кои поради единственоста и реткоста, мораат да бидат заштитени. Овие специфични карактеристики за да бидат идеално заштитени треба да бидат ослободени од нарушувањата создадени со човечките активности или тие активности треба да бидат сведени на најмала можна мера, т.е. не треба да постои евиденција на такви активности. Овие области не се по големина одредени доколку содржат различност на карактеристики или репрезентативни екосистеми кои ќе ги оправдаат нивните вклучувања како национален парк. Големината не е значаен фактор, овие области треба само да бидат доволно големи за да го заштитат интегритетот на положбата. Иако оваа категорија може да има рекреативна и туристичка вредност, треба да биде управувана така, за да биде релативно ослободена од човековото вознемирување.

Во спомениците на природата и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредностите, заради кои се прогласени за споменици на природата. Субјектот кој согласно со актот за

прогласување е задолжен за управувањето со споменикот на природата, донесува план за управување со споменикот на природата во кој се утврдени посебните мерки и активности за заштита. Со споменикот на природата се управува на начин со кој се обезбедува:

– трајно зачувување и заштита на природните карактеристики и специфичните, загрозените или ретките обележја, својства или форми;

– услови за спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности поврзани со нивните природни карактеристики и

– спречување на активности кои негативно влијаат врз неговите природни карактеристики.

Заштитни режими, согласно валоризацијата дадена во Просторниот планна Република Македонија (2004 година) - Студија за заштита на природното наследство:

**РЗ 1: Режим на заштита за геолошко-палеонтолошки и минеролошко-петрографски значајни подрачја**

Ограничувања:

Во геолошко-палеонтолошки и минеролошко-петрографски значајни подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредностите, заради кои се заштитени како природно наследство:

– откопување, кршење или разбивање на камења односно скаменети споменици на природата;

– изведување на земјени работи (рамнење, вдлабнување на теренот, минирање на земјиштето, и други активности кои предизвикуваат вибрации);

– засипување на геолошки профили или голини;

– изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);

– стопанско искористување на природните богатства кои се предмет на заштита (проширување на каменоломи, песочишта и друго).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

– уредување на подрачјето за посетители (изградба на сообраќајна инфраструктура, одмаралишта, видиковци, поставување на инфо-табли и т.н.);

– земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно-образовни цели.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

Дозволено е:

– стопанско искористување на природните богатства на подрачјето, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување и т.н.);

– експлоатација на минералните суровини (каменолом, песочишта и т.н.) на обележани локации, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;

– организирано посетување на споменикот.

**При изработката на Урбанистичко-планската документација, потребно е да се внимава да не дојде до нарушување на вредностите на споменикот на природата**

**и да се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и Сл.весник на РСМ бр.151/21 и 3/25), како и заштитната категорија и режимот на заштита, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на РМ (2004 год.) - Студијата за заштита на природното наследство**.

Доколку при изработка на планско-проектната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

– Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;

– Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;

– Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;

– Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;

–Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

– Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Според податоци добиени од **Министерство за култура - Управа за заштита за културно наследство**, констатирано е дека во границите на проектниот опфат не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, со напомена дека доколку во процесот на реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште,односно предмети од археолочко значење, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.20/19 и 3/25).

### 2.5.5 Други мерки

***<u>Мерки од аспект на заштита на земјоделското земјиште</u>***

Во изготвениот *Извештај за проценка за евентуална штета врз земјоделски посеви и насади КО Каласлари, Велес* од страна на Друштвото за процена ФЛОКС КМ ДООЕЛ (деловоден бр.0303-104-268/24 од 11.02.2025), во кој е констатирано дека при увидот е евидентно дека на парцелите **нема засеано земјоделски култури и нема подигнато земјоделски насади,** е дадена препорака закупецот/концесионерот на парцелите КП 307/3 и КП 307/4 за КО Каласлари благовремено да биде известен за прекинот на важност на договорот за закуп од страна на закуподавачот или предлагачот на пренамената за да не би се јавила состојба за постоење на штета во периодот од извршениот увид на самото место од страна на проценувачот до донесувањето на решението за пренамена на земјиштето.

Од **Јавното претпријатие за стопанисување на пасишта** на дел од КП 14232/1 ИЛ 25496 за КО Велес има издадено согласност за поставување на трло со аргач со вкупна површина од 170 m2 согласно моментално важечки прописи и бара истото да се има во предвид при натамошната процедура. Согласно Законот за пасишта, приоритет на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта е да стопанисува со пасиштата во државна сопственост така што да се сочува нивната површина и да се зголеми нивната вредност, да се обезбеди најголем прираст на трева според природните услови, посебно имајки ја во предвид приоритетната определба на Просторниот план за заштита на земјоделското земјиште и стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 класа за неземјоделско користење и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

**Во врска со тоа, согласно евидентираната состојба која е снимена и прикажана во ажурираната геодетска подлога, како и увидот на лице место, се констатира дека делот од проектиот опфат кој поминува низ КП 14232/1 КО Велес, ја следи постојната патека и во тој дел нема трло со аргач**.

***Мерки од аспект на безбедноста на патниот сообраќај***

Според доставените податоци и информации од страна на **Јавно претпријатие за државни патишта (ЈПДП),** покрај приложениот проектен опфат поминува автопат А1, за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е планирано проширување ниту менување на сегашната траса.

Во понатамошните активности да се запази ширината на заштитниот појас на автопат А1, согласно член 40 од *Законот за јавни патишта* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ 174/21).

**Заштитниот појас на автопатот во широчина од 40м е означен во графичките прилози на урбанистичкиот проект**.

Имајќи во предвид дека се работи за градба од јавен интерес која е наменета исклучиво за велосипедски и пешачки сообраќај (поврзување на градот Велес и манастирот Св.Илија за рекреативни цели), како и барањето на Општина Велес при нејзиното планирање да се следат трасите на постојните земјени патишта, дел од новопланираната патека поминува низ заштитниот појас на автопатот. Поточно, трасата на новопланираната велосипетско-пешачка патека во јужниот дел на проектниот опфат (пред и после потпатникот), во мал дел поминува покрај надворешната страна на оградата на автопатот и е надвор од неговиот патен појас.

***Мерки од аспект на безбедноста на енергетскиот објекти и другата комунална инфраструктура***

Според податоци добиени од **МЕПСО** проектниот опфат се пресекува со ЕЕ објект во нивна сопственост, и тоа *110kV* далекувод.

Согласно член 203 од *Законот за енергетика* (Сл. весник на РМ бр.96/2018) не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производтсвото, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

По исклучок на тоа, ако изведувањето на работите е неопходно за остварување на јавен интерес, вршителот на енергетската дејност по барање на изведувачот на работите, е должен да даде писмена согласност за изведување на работите во рок од 15 дена од денот н аподнесувањето на барањето, во која ги определува и потребните заштитни мерки за објектите, уредите и постројките.

Преземање на заштитните мерки определени е на трошок на изведувачот на работите.

Согласно член 204 од *Законот за енергетика* (Сл. весник на РМ бр.96/2018), сопственикот, односно корисникот на земјиште е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште, а сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надоместок за штета настаната од тие работи.

Согласно член 224 од *Мрежните правила за пренос на електрична енергија* (Сл. весник на РСМ бр.4/22), површината и просторот под, над и покрај постоечки електропреносни електроенергетски објекти, неопходни за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи, односно да се гради без согласност на МЕПСО, претставува заштитен појас на електропреносниот електроенергетски објект.

**Ширината на заштитниот појас изнесува 10м од оската на надземниот вод со номинален напон од 110kV и истата е означена во графичките прилози на овој урбанистички проект**.

Во случај на градба, како и изведување на други работи внатре во заштитниот појас, корисникот/сосптвеникот, овластено правно лице или јавна институција, неопходно е да се поднесе барање до МЕПСО за издавање на заштитни мерки, односно МЕПСО да издаде согласност соодветно на поднесеното барање.

Со барањето за издавање на согласност, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитниот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната проектна документација врз основа на која го планира изведувањето на работите, извод од урбанистички план и/или имотен лист за имотот.

Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на товар и сметка на инвеститорот.

Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.

**Со проектното решение не се планира дислокација на постојниот далекувод.**

За градежни парцели кој што се подолжно планирани и во непосредна близина на воздушниот далновод, потребно е да се почитуваат мерките за зазамјување, согласно ”*Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кV до 400кV*“(Сл. весник на Р.Македонија бр. 25/19).

Согласно член 119 од *Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kv до 400 kv* ( Сл.весник на РМ

бр. 25/2019 од 01.02.2019 год.) сигурносната височина на водот треба да изнесува 7м, а согласно член 120 од истиот правилник, оддалеченоста на кој и да е дел од столбот од надворешниот раб на патеката по правило не смее да биде помала од 10 м. а во исклучителни случаи може да биде и 5м.

**Височината на воздушниот високонапонски далновод над патеката, како и оддалеченоста на неговите челични столбови од патеката, се прикажани во графичкиот прилог на овој урбанистички план и истите се во согласност со пропишаното во правилникот.**







Согласно добиените податоци од **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје** има доставено податоци и информации и графички прилог со нанесени постојни 10(20)kV подземени и надземни водови, 10(20)/0.4kV трафостаница и 0.4kV надземни водови кои минуваат низ делови од проектниот опфат и неговата околина.

Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

**Во графичките прилози се предвидени заштитни појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.**

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се направи проценка од страна на претставници на најблискиот Корисничко Енерго Центар, дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

**Со проектното решение не се планира дислокација на постојните водови.**

Според дополнително направените консултации со ЕВН, утврдено е дека постојната подземна инфраструктура била поставен на длабочина од околу 70см.

**Во понатамошната фаза на реализација на овој урбанистички проект, потребно е да се пристапи со особено внимание при изведување на земјените работи во деловите од трасата на патеката за кои во документационата основа е евидентирано постоење на подземна инфраструктура.**

**Телекомуникациска мрежа**

Според податоците добиени од **АЕК** и **Македонски Телеком АД – Скопје**, во границите на проектниот опфат има постојна МКТ инфраструктура, оптички и бакарен кабел, апплицирана на графички прилог, а според податоците од **А1 Македонија ДОЕЛ Скопје** има постојни подземни инсталации – оптички кабел, со напомена дека доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура – А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната ТК инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

**Со проектното решение не се планира дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура.**

Според дополнително направените консултации со службени лица од Телеком и А1, утврдено е дека постојната инфраструктура била поставен на длабочина од 60-120см, зависно од типот на кабелот и теренот, но со оглед на тоа што се работи за природен предел кој е изложен на атмосферски влијанија, можни се одредени настанати промени кои треба да се имаат во предвид при реализација на велосипетско-пешачката патека.

**Заради тоа, во понатамошната фаза на реализација на овој урбанистички проект, потребно е да се пристапи со особено внимание при изведување на земјените работи во деловите од трасата на патеката за кои во документационата основа е евидентирано постоење на подземна инфраструктура.**



# ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
# – УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

# 3. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

## 3.1 Технички опис на архитектонските, градежните или другите технички објекти и системи

### 1. ОПШТО

Предмет на презентираниов Основен градежен проект е велосипедско-пешачка патека од М.В.Потокот до Манастир Св. Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес. Локацијата се наоѓа источно од градот Велес. Трасата на велосипедско-пешачка патека започнува од постојниот земјан пат кој започнува од водотекот во близина на место викано Потокот, и го прати постојниот некатегоризиран земјан пат до манастирот Св. Илија. Проектниот опфат на трасата на велосипедско-пешачка патека започнува со катастерски парцели кои се наоѓаат во КО Велес, потоа трасата продолжува и зафаќа катастерски парцели во КО Караслари и на крај трасата повторно поминува и завршува во КО Велес.

Трасата на велосипедско-пешачка патека е вон населено место, односно надвор од границите на ГУП на град Велес. Трасата на постојниот земјан пат е со променлива ширина од 1.2м. до 3.5м. и води од потокот кој е на крајот од градот и се до манастирот Св. Илија. Теренот е кос, односно со благо качување и спуштање, со исклучок на делот пред манастирот Св. Илија кој е пострмен.

Проектов е во согласност со законската регулатива за проектирање во областа на градежништвото и сообраќајот.

### 2. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ

Предмет на проектот е да се изработи техничка документација на ниво Основен градежен проект-нискоградба, за велосипедско-пешачка патека од М.В.Потокот до Манастир Св. Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес.

### 3. БАЗА НА ПОДАТОЦИ

При изработка на овој Идеен градежен проект како база на податоци користени се :

- Геодетска снимка и увид на состојбата на лице место.
- Геодетските податоци се обработени во соодветен софтвер за патишта PLATEIA, изработена е ситуација во Р 1:500 за хоризонтално и вертикално решение на трасите, потоа од геодетските податоци земени се сите потребни податоци за изработка на надолжните профили и нормални попречни профили.

### 4. ТОПОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРЕНОТ

Микролокацијата на трасата на велосипедско-пешачка патека се наоѓа источно од градот Велес, моментално е неизградено земјиште и нема релјефни и инфраструктурни ограничувања. Теренот е кос, односно со благо качување и спуштање, со исклучок на делот пред манастирот Св. Илија кој е пострмен.

## 5. ОСНОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

Како основи за изработка на овој Идеен проект користени се сите расположиви податоци од кои се добиени потребни информации за локацијата на актуелниот простор, како и важечките законски и технички регулативи:

- Детално снимена геодетска подлога-ситуации изработени во Р=1:500
- Рекогносцирање на теренот,
- Важечка законска и техничка регулатива.

## 6. ПРОЕКТНИ ЕЛЕМЕНТИ

За изведба на велосипедско-пешачка патека трасата е прилагодена на постојниот некатегоризиран земјан пат. Патеката е проектирана со две ширини на коловозот. Од почетокот на трасата до подпатникот на автопатот проектиран е со ширина од 1.5м. а потоа е проектиран со ширина од 3.0м. Предвидени се и банкини од двете страни со ширина 0.5м.

**КОЛОВОЗНА КОНСТРУКЦИЈА**

Проектантот ја предлага следната коловозна конструкција која ќе одговара за ваков вид на сообраќајница :

Коловозната конструкција е следната:

- БНХС 16 А д= 6 см
- Тампон од природен дробен камен д= 30 см

Во проектов е земена дебелина на хумус од 20цм. ако при изведба на трасата на велосипедско-пешачка патека се утврди поголема дебелина на хумусот истиот треба да се отстрани.

Во Елаборатот од извршените геотехнички испитувања на трасата, констатирано е дека на делот од трасата од км.1+500 до км. 4+500 се јавуват делови каде што земјиштето е со послаб квалитет, на тие делови ако при ископ на трасата се констарира потреба од замена на постојниот матерјал, треба да се постави подобрена постелка со дебелина од д=30цм.

Во случај на било каква промена констатирана на терен, што се однесува до почвата или конструктивните елементи на трасата, потребно е да се изврши дополнителна консултација со инженер-геомеханичар.

Во фаза на изведба, доколку се појават одредени разлики на терен по однос на предвидената градба, сите прашања да се разрешуваат во кординација на тимовите на инвеститорот, истражувачот, изведувачот, проектантот, надзорот и по потреба ревидент/консултант.

## 7. ХОРИЗОНТАЛНО РЕШЕНИЕ

Хоризонталното решение е проектирано со една подолжна оска. Во проектната програма се бара трасата на велосипедско-пешачката патека да се прилагоди на постојниот некатегоризиран земјан пат. Поради тоа хоризонталното решение на оската го прати хоризонталниот тек на постојниот земјан пат и елементите на трасата се прилагодени на постојната траса на земјаниот пат. Извршени се измени на трасата на деловите каде што земјаниот постоен пат навлегува во приватни парцели, и патот е проектиран во парцелите што се предвидени за тоа.

Измените се извршени на деловите од трасата:

- од профил 36 (0+700) до профил 40 (0+780)
- од профил 75 (1+480) до профил 77 (1+520)
- од профил 113 (2+240) до профил 118 (2+340)
- од профил 135 (2+680) до профил 139 (2+760)
- од профил 142 (2+820) до профил 148 (2+940)
- од профил 174 (3+460) до профил 243 (4+840)

Од профил 243 (4+840) до профил 259 (5+148.98) извршена е измена на трасата од постојниот земјан пат, патеката е водена до заштитната ограда на автопатот, во заштитниот појас од автопатот. На профил 259 се усогласени стационажите на Оската (5+148.98 = 5+168.334), оваа разлика се јавува поради промената на дел од трасата од км.4+850.38 до км.5+168.344, иврешена е промена на трасата која беше водена по постојниот пат, по барање на Инвеститорот трасата е водена до автопатот (во заштитната зона од автопатот).

Патеката е проектирана со две ширини на коловозот. Од почетокот на трасата до подпатникот на автопатот проектиран е со ширина од 1.5м. а потоа е проектиран со ширина од 3.0м. Од стац. 0+000 до 5+173.72 е со ширина 1.5м. на влезот во подпатникот се проширува на 3.68м. на излезот од подпатникот на 5+216.26 е со ширина 4.7м. потоа на 5+226.26 се стеснува на 3.0м. Се до 7+251.52 е 3.0м. и на крајот на 7+265.46 е со ширина 5.68м.(уклопен е на постојната ширина пред манастирот Св.Илија)

Во табелите за Хоризонтален тек на трасата, прво се приложени Кординатите на главните елементи на Оската од км.0+000 до км.5+148.98 (која одговара на стационажа км.5+168.344), а потоа се приложени од 5+168.344 до км.7+265.463 (крајот на трасата). Вкупна должина на оската е 7265.463м.

Хоризонталното решение е прикажано (од лист бр.02 до лист бр.14). Ситуација со хоризонтално решение.

## 8. ВЕРТИКАЛНО РЕШЕНИЕ

Вертикалното решение на Оската е планирона согласно постоечкиот терен, уклопена е на котите на постојниот земјан пат. Подолжните наклони на нивелетата се движат од 0.06% до 18.97%.

Нивелетата на новопроектираната велосипедско-пешачката патека е проектирана со попречен наклон на коловозот 2.5%, и е проектиран со пад според условите на теренот, го прати теренот за природно одводнување на коловозот.

## 9. ОДВОДНУВАЊЕ

Одводнувањето на велосипедско-пешачката патека е решено со надолжни и попречни наклони на коловозот. Атмосферските води ќе се одведат по слободен пад на околните постојни површини.

На делот од трасата од км.2+810 до км.2+870 на левата страна од коловозот предвидена е бетонска каналета со ширина 30цм. која ќе ја собира атмосферската вода и ќе ја испушти на страна на км.2+810. И на делот од трасата од км.5+169.70 до км.5+230.50 на левата страна од коловозот предвидена е бетонска каналета со ширина 30цм. која ќе ја собира атмосферската вода и ќе ја испушти на страна на км.5+230.50 каде има постоен пропуст.

## 10. ПОДЗЕМНИ И НАДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ

За потребите за проектирање на оваа велосипедко-пешачка патека, побарани се податоци од надлежните институции за постоење на нивни инсталации во реонот на трасата.

Добиените податоци и информации, како и потребните мерките за заштита на постојните инсталации, се детално презентирани во текстуалниот дел и во графичките прилози на урбанистичкиот дел на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес.**

Проектниот опфат се пресекува со ЕЕ објект во сопственост на **МЕПСО**, и тоа *110kV* далековод поминува над трасата на велосипедско-пешачката патека на стационажа км.0+831 и на км.5+733. **Со проектното решение не се планира дислокација на постојниот далекувод.**

На делот од трасата од пр.67 (1+320.00) до пр.228 (4+540.00) има подземни водови на **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје**. **Со проектното решение не се планира дислокација на подземни и надземни водови.**

Оптичкиот кабел на **Македонски Телеком АД-Скопје** ја сече трасата на велосипедско-пешачката патека на стационажа км.1+316.25, а на делот од трасата од км.1+350.00 до км.2+530.00 и на делот од км.5+168.00 до км.5+360.00 има подземна инфраструктура во трасата на патот. **Со проектното решение не се планира дислокација на подземната телекомуникациска инфраструктура.**

Оптичкиот кабел на **А1 Македонија ДОЕЛ Скопје** ја сече трасата на велосипедско-пешачката патека на стационажа км.1+355.20, км.1111+388.50, км.5+168.40, а на делот од трасата од км.4+874.00 до км.4+974.00 има подземна инфраструктура во трасата на патот. **Со проектното решение не се планира дислокација на подземната телекомуникациска инфраструктура.**

Во фаза на реализација на овој идеен проект, потребно е да се пристапи со особено внимание при изведување на земјаните работи во деловите од трасата на патеката за кои во документационата основа е евидентирано постоење на подземна инфраструктура.

Блашко Велков дипл.град.инж.